Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Виница**, на ден 05.03.2018 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ „УПВНМ за изградба на стопански комплекс Рибник со придружни објекти“, кој се носи согласно Одлука за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во општина Виница за 2017 година и Програма за уредување на градежно земјиште, улици и патишта во Општина Виница за 2018 година, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Виница(www.opstinavinica.gov.mk).
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ „УПВНМ за изградба на стопански комплекс Рибник со придружни објекти“, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе има незначително негативно влијание врз животната средина и промовирање на одржлив развој. Од областа на животната средина незначително влијание би имало на воздухот и почвата во фазата на изградба, преку зголемување на емисии на цврсти честички и зголемена бучавост, создавање на градежен отпад итн, како и влијание врз природата и природниот пејсаж, кои влијанија би биле краткорочни..
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до министерот за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.12-77/2
с.р
Место Виница

Име и презиме

Градоначалник
Ивица Димитров